Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови”, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано” од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали“ од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на 20.2.2013 година донесе Одлука број 2502-42/32 за формирање на Рецензентска комисија за избор на **еден соработник во соработничко звање помлад асистент/асистент за научната област/поле интерна медицина** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– доц. д-р Маја Милованчева-Поповска, претседател, насловен доцент, вработена во ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа ДИЈАМЕД – Скопје;
– доц. д-р Марија Вавлукис, член, насловен доцент, вработена на Клиника за кардиологија во Скопје;
– доц. д-р Стефан Талевски, член, насловен доцент, вработен во Институт за фтизиологија – Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 11.1.2013 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

– д-р Ивица Смоковски,
– д-р Емилија Костадинова,
– д-р Ивана Богданова.

По разгледување на приложената документација на кандидатите, Комисијата ја разгледа истата и направи бодирање, согласно со ПРАВИЛНИКОТ за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Табеларниот приказ на бодирањето е во прилог на овој Реферат-извештај.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Д-р Ивица Смоковски**

***Биографски податоци***

**Д-р Ивица Смоковски** е роден на 13 октомври 1974 година во Скопје. Средно училиште завршува во УСО „Раде Јовчевски Корчагин“ - Скопје во 1993 година, каде што е прогласен за најдобар ученик на генерацијата. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 1999 година со втор највисок просек во генерацијата (9,69). Стручниот испит го положува со успех во 2000 година. Како студент зема активно учество во научноистражувачката работа, член е на Наставно-научниот одбор при Медицинскиот факултет како претставник на студентите (1998-1999) и има реализирано стручни престои на Одделот за кардиологија при Dokuz Eylul University Hospital, Измир, Турција (1997) и Одделот за интерна медицина - кардиологија при Helsinki University Hospital, Хелсинки, Финска (1998). Член е на Организациониот одбор на Меѓународниот медицински студентски научен конгрес (1998).

Како еден од најдобрите студенти на Медицинскиот факултет во Скопје, веднаш по завршувањето на студиите е повикан во водечката домашна фармацевтска компанија Алкалоид АД Скопје (1999), каде што, меѓу другото, учествува во дизајнирање и спроведување на клинички испитувања. Од јануари до октомври 2001 година го отслужува воениот рок во Армијата на Република Македонија.

Од ноември 2001 до октомври 2011 е ангажиран во Новонордиск Македонија како регионален медицински советник. Со успех ги положи Базичната и Напредната школа за

клинички истражувања и Добра клиничка пракса во Brookwood International Academy of Healthcare Research, Гилдфорд, Обединето Кралство, во периодот од 2002 - 2003 година, со што се здоби со титулата Cert GCP.

Од ноември 2011 до јуни 2012 година работи во ПЗУ Смоковски - Скопје, а од јули 2012 година е ангажиран како советник во Кабинетот на министерот за здравство по постигнувањето најдобар резултат на тестирањата за вработување во јавните здравствени установи (ЈЗУ). Вклучен е во бројни проекти меѓу кои престој и обука на специјалисти од САД на специјалисти во ЈЗУ во Република Македонија, почнувањето со неонаталната кардиохирургија во Република Македонија, носењето на Законот за медицински студии, воведувањето на индикатори за следење на перформансот на ЈЗУ (Balanced Score Card), носењето на Програмата за специјализации како претседател на Советот за специјализации, воведувањето на систем за акредитација на ЈЗУ, проектот за рационализација на трошоците за лекови и помошен медицински материјал во ЈЗУ, обуки на нашите специјалисти во странство, ширење на мрежата за интервентна кардиологија во земјата итн.

***Стручно-научна активност***

Има учествувано и презентирано на бројни меѓународни и национални дијабетолошки конгреси, научни симпозиуми, домашни и меѓународни дијабетолошки школи, како и на работилници од областа на дијабетологијата и Добрата клиничка пракса. Како соработник за клинички испитувања и локален водител на студиите има учествувано во голем број меѓународни, мултинационални, мултицентрични студии, а како автор на протоколот и студиски директор на повеќе национални, мултицентрични, опсервациски студии.

Автор на протокол/директор на опсервациските студии за безбедноста и ефикасноста на инсулинските аналози:

– NN304-1763, BIASP-1894 (резултатите публикувани на конгресот на American Diabetes Association, Њу Орлеанс, 2009);
– NN304-3716 со преку 3.500 пациенти (clinicaltrials.gov ID: NCT00842894);
– Учество на годишните состаноци на EASD (European Association for Study of Diabetes), DESG (Diabetes Education Study Group) при EASD, ADA (American Diabetes Association) и бројни глобални научни состаноци;
– Работилница на Генералниот комитет (General Committee) на DESG (Торино, 2012);
– Годишен состанок на EASD (Копенхаген 2006, Амстердам 2007, Рим 2008, Виена 2009, Стокхолм 2010);
– Годишен состанок на ADA (Њу Орлеанс 2009);
– Diabetes Dialogue (Лисабон 2007, Истанбул 2008, Париз 2010);
– Самит за премиксна инсулинска терапија (Истанбул, 2010), Самит за интензивирање на инсулинската терапија (Мадрид, 2009), Самит за GLP-1 базирана терапија (Атина, 2009), Симпозиум за обезност и дијабетес (Цирих, 2007), Глобален состанок за резултатите од клиничките испитувања со деглудек (Виена, 2011);
– Подготвување на Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот и контролата на дијабетес мелитус тип 2. „Службен весник на Република Македонија" од 28 февруари 2011 г., број 25:3-18;
– Учество и предавања на состаноците на глобалните, регионалните и националните советодавни одбори;
– GLP-1 агонисти (Прага, 2009, Берлин, 2008), Репаглинид/метформин (Барселона, 2005), Инсулин и ризикот од канцер (Скопје, 2010), Кардиоваскуларни бенефити на GLP-1 агонистите (Скопје, 2011);
– Веб-предавање на тема „Молекуларната безбедност на инсулинската терапија за регионот на Источна Европа";
– Одговорен за инсулинската титрација базирана на алгоритам во глобалните клинички студии, учество во развивањето на протоколите на глобалните клинички студии;
– Клинички испитувања со ултрадолго дејствувачкиот инсулински аналог деглудек (NN1250-3668, NN1250-3585), лираглутид кај педијатриска популација;
– Подготовка и презентирање на резултатите на Националната дијабетес програма (Скопје, 2006);

- Успешно комплетирање на основната и напредната национална дијабетолошка школа (Скопје, 2001, 2004), Националната школа за ургентна дијабетологија (Скопје, 2007), Напредната школа за дијабетес (Скодсборг, 2005) и бројни медицински тренинзи поврзани со дијабетес (Сингапур, 2004, Истанбул, 2005, Ница, 2007, Единбург, 2008, Варшава, 2010, Виена, 2011...);
- Организација на кампови за деца со дијабетес (Охрид, 2007, Берово, 2008); натпревар во цртање за деца со дијабетес (Скопје, 2007); бројни состаноци на националната организација на пациентите со дијабетес; проект-менаџер на караванот „Го менуваме дијабетесот" (Скопје, 2009) – над 7.000 посетители, 112 новооткриени лица со дијабетес (2 деца);
- Учество на глобални конференции за фармаковигиланца (Копенхаген, 2010, Мадрид, 2011);
- Учество на третиот постдипломски курс по клиничка ендокринологија на ESE (European Society of Endocrinology) (Охрид, 2007);
- Учество на Семинарот за клинички истражувачи за етичките и регулаторните аспекти на Добрата клиничка пракса (GCP) кај истражувачите (Скопје, 2005);
- Подготвување на стручно дијабетолошко списание за здравствените професионалци (Македонски дијабетес монитор) и за пациентите со дијабетес (шеќерна болест);
- Локален водител на клинички студии / соработник за клинички истражувања на бројни глобални клинички студии:
- NN304-1595, NN304-1530 (Clinical Quality Assurance Audit со поволен исход во 2003, инвенција на систем за автоматска калкулација на препорачаните инсулински дози според студискиот алгоритам, користењето на системот распространето во сите истражувачки локации во светот), NN304-1379, NN304-1374, NN304-1385, BIASP-1240, NN1998-1682, NN304-1689 и EX1729-1778
  Одговорен за локалната изводливост на глобалните клинички студии

Постдипломските студии на Медицинскиот факултет Скопје ги завршува со просечен успех 10,00. Магистерскиот труд од областа на интерна медицина – кардиологија/дијабетес на тема: *Споредба на моделот на UKPDS и моделот на Framinghat за проценка на апсолутниот ризик од коронарно срцево заболување кај дијабетес мелитус тип 2 и клиничките импликации од нивната примена*, под менторство на проф. д-р Јелка Давчева Павловска, го одбрани на 15.6.2007 година и се стекна со називот магистер по медицински науки.

Специјалистичкиот испит по специјалноста Интерна медицина го положува на 12 јануари 2009 година и се стекнува со звањето специјалист по интерна медицина.

Од септември 2011 година е докторанд по медицински науки (dr.sci.med.cand.) при Катедрата по интерна медицина (Ендокринологија), Медицински факултет - Скопје (УКИМ) на тема *„Прецизноста на моделот на United Kingdom Prospective Diabetes Study во предвидувањето на ризикот од коронарна артериска болест кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 од Република Македонија"*, со ментор проф. д-р Татјана Миленковиќ.

Член е на Генералниот комитет (General Committee) на Студиската група за едукацијата при дијабетес (Diabetes Education Study Group) во рамките на EASD (European Association for Study of Diabetes) како претставник од Република Македонија. Учествува во работата на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија, а активен член е и на Македонското лекарско друштво (МЛД) и Европската асоцијација за проучување на дијабетесот (EASD - European Association for Study of Diabetes).

Активно ги владее англискиот, германскиот и делумно албанскиот јазик.

За овој избор има приложено и **8 авторски трудови и 7 коавторски трудови** објавени во стручни медицински списанија и зборници од домашни и светски конгреси:

***Листа на публикации:***

1. **Smokovski I**, Davceva Pavlovska J. Effect of insulin therapy on lipid profile in type 2 diabetic subjects receiving simvastatin therapy for prevention of cardiovascular diseases. *Macedonian Medical Review* 2006; 60(3-4):151-155.
2. **Smokovski I**. Comparison of the UKPDS and Framingham models for the evaluation of absolute risk for coronary heart disease in diabetes mellitus 2 and their clinical implications [MrSciMed thesis]. Skopje, Republic of Macedonia: University Clinic for Cardiology, Faculty of Medicine, University "Ss Kiril and Metodij"; 2007. Defended: June 15, 2007. Mentor: Prof. Dr. Jelka Davceva-Pavlovska. *Macedonian Journal of Medical Sciences* 2008; 1(2):64-74.
3. **Smokovski I**, Pavlovska K. Rating of cardiovascular risk in patients with type 2 diabetes mellitus by using the system SCORE. *Physioacta* 2009; 3(1):9-15.
4. **Smokovski I**, Georgiev A, Pavlovska K, Georgieva D. Reduction of absolute risk for coronary artery disease in type 2 diabetes patients as assessed by UKPDS model 6 months after initiation of insulin treatment. *Medicus* 2009; 12(2):22-26.
5. **Smokovski I**, Pavlovska K, Davceva J. Estimation of number of diabetic patients requiring primary prevention for coronary heart disease. *Physioacta* 2010; 4(2):105-114.
6. **Smokovski I**. Introduction to Good Clinical Practice. *Vox Medici* 2005; 47(13):9.
7. **Smokovski I.** Comment on the Publication: Lazarevik V, Kasapinov B. Medical Doctors' Attitudes towards Pay-For-Reporting in Macedonia: A Web-Based Cross-Sectional Survey. Maced J Med Sci. 2012;5(4):437-443. *Maced J Med Sci*. 2013; 6(1):79-81.
8. Georgiev A, **Smokovski I**, Pavlovska K. Reduction of cardiovascular risk in type 2 diabetes patients as assessed by SCORE system 6 months after initiation of insulin treatment. *Macedonian Medical Review* 2008; 62(3):45-48.
9. Pavlovska K, **Smokovski I**, Georgiev A. Comparison of type 2 diabetes patients identified for primary prevention of coronary heart disease with statin treatment according to Adult Treatment Panel III and Framingham model. *Macedonian Medical Review* 2009; 63(1):39-42.
10. Georgiev A, **Smokovski I**, Pavlovska K, Georgieva D. Use of Framingham model for identifying type 2 diabetes patients for primary prevention of coronary artery disease with statin treatment. *Medicus* 2009; 12(2):32-37.
11. Pavlovska K, Misevska P, Krstevski M, Zafirova Ivanovska B, **Smokovski I**, Pavlovska J, Gjorgjievska K, Andreevski V. Assessing of anthropometric parameters in patients with Crohn's disease in acute and remission phase. *Physioacta* 2010; 4(2):21-32.
12. Milenkovic T, **Smokovski I**, Kulumova E, Stojanovski N, Aleksov B. Significant Improvements in Glycaemic Control with BIAsp 30 in Clinical Reality: Experience from Clinical Practice in Macedonia. *Diabetes* 2009; 58 (Suppl 1): A536 (2083-PO).
13. Dimitrovski C, **Smokovski I**, Makrevska S, Mileva I, Kostojcinoska M. Significant Improvements in Glycaemic Control without Weight Gain with Insulin Detemir in Clinical Reality: Experience from Macedonian Clinical Practice. *Diabetes* 2009; 58 (Suppl 1): A536 (2084-PO).
14. **Smokovski I**, Peneva M, Atanackovic O, Krstevska A. Clinical and ultrasonographic investigation of congenital hip dislocation: a retrospective study. 22nd International Medical Students Scientific Congress 1998; 22:65.
15. Peneva M, **Smokovski I**. Immunohistochemical evaluation of p53 protein in bladder Transitional Cell Carcinoma. 21st International Medical Students Scientific Congress 1997; 21:79.

**2. Д-р Емилија Костадинова**

***Биографски податоци***

**Д-р Емилија Костадинова** е родена на 14 април 1988 година во Штип, Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2006 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и истиот го завршува во 2012 година со среден успех 8,64. Од мај до ноември 2012 година го поминува приправничкиот стаж во Клиничката болница во Штип, а во ноември 2012 година се стекнува со лиценца за работа.

***Стручно-научна активност***

Кандидатката била активен член на студентската асоцијација во тек на студирањето во кој период покажала интерес за стручно-научна дејност. Во мај 2009 година учествува на XXXII Интернационален конгрес на студентите по медицина во Охрид, во април 2006 година учествува на Работилницата на тема „Сексуална работа/трговија со луѓе и основни информации“, а во август 2004 година на работилницата „Рак, здравје и дискриминација“, истата година учествува и на работилницата „Сите заедно дел, во остварувањето на една цел: ХИВ/СИДА/СПИ превенција“. Била член и на EMSA (European medical srudents association).

**3. Д-р Ивана Богданова**

***Биографски податоци***

**Д-р Ивана Богданова** е родена на 19 јануари 1988 година во Штип, Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2006 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и истиот го завршува во 2012 година со среден успех 8,98. Во текот на 2012 година поминала шестмесечен приправнички стаж во Клиничката болница во Штип, а во ноември 2012 година се стекнува со лиценца за работа.

***Стручно научна активност***

Досега има учествувано како слушател на два студентски конгреси со интернационално учество, и тоа: 2009-32$^{nd}$ International Medical Scientific Congress for students and young doctors, Ohrid, Macedonia, iistata godina na 58$^{th}$ International Federation of Medical Students, general Assembly, Ohrid, Macedonia.

Во 2012 година имала активно учество на 35$^{th}$ International Medical Scientific Congress for students and young doctors, Ohrid, Macedonia, каде што се претставила со труд публикуван во Зборникот на тема „Иктерус кај десетгодишно дете“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, Комисијата заклучи дека кандидатките д-р Ивана Богданова и д-р Емилија Костадинова не ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање помлад асистент / асистент (специјалист) за научната област / поле интерна медицина, бидејќи не се специјалисти од областа.

Врз основа на доставената документација, стручност, компетентност, учество на стручни состаноци, курсеви и семинари, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р **Ивица Смоковски** целосно ги исполнува критериумите за избор во звање асистент (специјалист) од научната област/поле интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатот д-р Ивица Смоковски да биде избран во соработничко звање асистент (специјалист) за научната област/ поле интерна медицина.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Маја Милованчева-Поповска, насловен доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Марија Вавлукис, насловен доцент, член, с.р.**
**Д-р Стефан Талевски, насловен доцент, член, с.р.**

**Д-р Ивица Смоковски (за звање асистент)**

| Реден број | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | | | | | |
| 2. | Превод на учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | | | | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања | | | | | |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | | | | | |
| 6. | Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | | | | | |
| 7. | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | 1 | 6 | | | **6** |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | | | | | |
| 9. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание | | | | | |
| 10. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | | | | | |
| 11. | Ментор на одбранет докторат | | | | | |
| 12. | Ментор на одбранета магистерска работа | | | | | |
| 13. | Ментор на одбранета специјалистичка работа | | | | | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа (макс. 7) | | | | | |
| 15. | Член на комисија за одбрана на докторат | | | | | |
| 16. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | | | | | |
| 17. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (макс.7) | | | | | |
| 18. | Раководител на семинар | | | | | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | | | | | |
| 20. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | | | | | |
| 21. | Основач на наставна лабораторија (да се прецизира) | | | | | |
| 22. | Воведување на нов специјален (стручен) наставен предмет | | | | | |
| 23. | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) | Бројна вежби по 0.2 поени и по еден поен за секој предмет | | | | |
| 24. | Воведување на нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | | | | | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)* | Број на часови по 1.5 поен за секоја учебна година и по еден поен зе секој предмет | | | | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | Број на часови по 0.2 поени за секоја учебна година | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | | | | | |
| 28. | Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | | | | | |
| 29. | Визитинг професор во странство (најмалку еден семестар) | | | | | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | | | | | |
| 31. | Организатор на летна школа | 4 | 2 | | | **8** |
| 32. | Статија во наставно-образовно списание | | | | | |
| 33. | Рецензент на труд на наставно-образовната дејност (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| **Реден број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга | | | | | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | | | | | |
| 3. | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 5 | | | **5** |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 8<br>2 | 5<br>10 | | | **40**<br>**20** |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4 | 1 | | | **4** |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| 8. | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | | | | | |
| 10. | Одбранета докторска теза | | | | | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | 4 | | | **4** |
| 12. | Раководител на научен проект | | | | | |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | | | |
| 14. | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| 16. | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| 17. | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | | | | |
| 18. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Основач на научна лабораторија | | | | | |
| 21. | Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | | | | | |
| 22. | Студиски престој во странство | | | | | **8** |
| 23. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/ останати) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **81** |
| **Реден број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Книга | | | | | |
| 2. | Поглавје од книга | | | | | |
| 3. | Речник | | | | | |
| 4. | Стручна монографија | | | | | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно списание) | | | | | |
| 6. | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | | | | | |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир | | | | | |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| 9. | Уредник на стручно списание | | | | | |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| 11. | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | | | | | |
| 12. | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | | | | | |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | | | | **5** |
| 14. | Прифатени иновации, патент | | | | | |
| 15. | Техничко унапредување | | | | | |
| 16. | Изработен и рецензиран програмски пакет | | 2 x 3 | | | **6** |
| 17. | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | **2** |
| 18. | Изготвување на извештаи од анализи | 0,1 | | | | **0,1** |
| 19. | Стручни награди и признанија | | | | | |
| 20. | Ректор | | | | | |
| 21. | Проректор | | | | | |
| 22. | Претседател на универзитетски или владини тела | | | | | |
| 23. | Декан | | | | | |
| 24. | Продекан | | | | | |
| 25. | Шеф на институт | | | | | |
| 26. | Раководител на завод | | | | | |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела | | | | | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| 29. | Член на институтски орган, комисија | | | | | |
| 30. | Класен раководител, согласно со КТС-ЕКТС (за четири години) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **16,1** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **141,1** |